# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 4, Април 2014 година


# ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА БЗР И НАЈАВА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ЗА 1-ВИ МАЈ

**28.04.2014**

28 Април е Светскиот ден за безбедност и здравје при работа.

Сојузот на синдикатите на Македонија дава свој придонес во вкупните напори за унапредување и подобрување на едно исклучително значајно човеково право – правото на работа во безбедни и здрави услови, кое е и клучен фактор за општествен развој и напредок на Република Македонија, и на секоја земја ширум светот.

За жал, сé уште е широк просторот и сé повеќе произлегуваат предизвици за дејствување во унапредување на безбедноста и здравјето при работа, сé уште е голем бројот на несреќи и повреди, кои завршуваат и фатално, професионални заболувања поврзани со работното место. Со тоа, се зголемуваат трошоците за лекување на работниците, се исцрпуваат ресурсите на здравствените системи, се намалува продуктивноста, што е спротивно и на бизнис интересите и на целокупното општество.

Во оваа прилика потенцираме дека за безбедноста и здравјето при работа не се одговорни само работодавачите, туку, без исклучок, сите релевантни субјекти. Мора сите заедно да придонесуваме за издигнување на свеста и кај работниците и кај работодавачите за значењето на безбедноста и здравјето при работа.



Претседателот Митревски на прес конференција

ССМ и натаму интензивно ќе води активности и ќе инсистира на преземање мерки и на национално и на локално ниво кои ќе бидат во прилог на обезбедување на сигурни и здрави услови за работа за работниците, за подобрување на работната и животната средина, за безбедни и сигурни работни места.

Иако ССМ смета дека Законот претставува добра основа за креирање на целосен правен систем за безбедност и здравје при работа, анализите на практичната примена на законот, укажуваат дека има потреба од измени и дополнувања на законот кои ќе придонесат за негово допрецизирање и унапредување.

Особено е значајно да се прецизираат одредбите за улогата и значењето на претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на мнозинскиот синдикат и претставникот на работниците за безбедност и здравје при работа.

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски истакна дека за обезбедување безбедни и сигурни работни места, покрај претставникот за безбедност и здравје при работа од компанијата во спроведувањето на сите активности треба да биде вклучен и претседателот на синдикалната организација, преку кој ќе се обезбеди соодветно место во рамки на спроведувањето на сите активности согласно Законот за БЗР, почнувајќи од неговото присуство при донесување на плановите, изјавите, евиденциите, извештаите и обезбедување контрола од синдикатот при обезбедување мерки за безбедност и здравје при работа.

Во знак на придонес кон одбележувањето на овој ден, ССМ со конкретна активност одбележувањето ќе го продолжи и за 1-ви Мај, Меѓународниот ден на трудот, со отпочнување на Иницијатива за измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа под слоганот „ЗА БЕЗБЕДНИ РАБОТНИ МЕСТА“.

Активностите околу одбележување на Меѓународниот ден на трудот, 1-ви Мај, согласно Одлуката на Претседателството на ССМ предвидено е да започнат во 10 часот на плоштадот „Македонија“ во центарот на Скопје со презентирање на гранските синдикати здружени во ССМ и истите завршуваат во 11 и 30 часот.

# ВТОР РАБОТЕН СОСТАНОК НА НАЦИОНАЛНИТЕ ТИМОВИ НА ПРОЕКТОТ ДАНОЦИ, НЕФОРМАЛНА ЕКОНОМИЈА И КОРУПЦИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН



Претседателот Митревски на состанокот на националните тимови

**1.04.2014**

Во Сојузот на синдикатите на Македонија, се одржа вториот состанок на националните тимови на проектот "Даноци, неформална економија и корупција во земјите од Западен Балкан" на кој присуствуваа Григор Градев, експерт за неформална економија од ITUC/PERK, претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, Павел Трендафилов, претседател на синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на РМ, Ангелко Ангелковски, претседател на синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ, Слободан Антовски претседател на УНАСМ, Љубица Дековска- економски експерт од ССМ, Билјана Чкламовска- правен експерт од УНАСМ и Лидија Стаменкова- експерт за комуникации/кампањи од КСС.

На работниот состанок главна тема беше неформалната економија во земјите од Западниот Балкан и пошироко. Експертот за неформална економија, Григор Градев посочи за влијанието на неформалната економија во земјите во Југоисточна Европа Во сите држави, особено во државите од Западен Балкан синдикатите треба да имаат двојна улога, да го заштитат народот, а воедно и државата, истакна Градев.

# РАБОТЕН СОСТАНОК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ МИТРЕВСКИ, ВО СИНДИКАЛНАТА ПОДРУЖНИЦА НА ЈП „МАКЕДОНСКИ ШУМИ" ОХРИД

**4.04.2014**

`На 04.04.2014 година, во Охрид, претседателот Митревски одржа работен состанок на кој вработените во подружницата беа информирани за актуелните состојби од ЈП „Македонски шуми", за исплатата на теренскиот додаток како и за постапката и начинот на утврдување на висината на бодот во подружниците од ЈП „Македонски шуми".

На состанокот претседателот на Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на РМ, д-р Живко Митревски беше информиран од страна на вработените за активностите околу подобрувањето на производството во подружницата, како и активностите на синдикален план.Состанокот беше одржан во присуство на Марија Новаковска, претседател на синдикалната подружница „Галичица" – Охрид.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД BWI


Претставниците од СГИП и СШДЕ со претставниците од BWI

**7.04.2014**

Во организација на Светскиот синдикат за градежништвото, шумарството и дрвна индустрија BWI, а со поддршка на фондацијата Фридрих и Еберт, во Скопје на 8 и 9 април 2014 година, ќе се одржи семинар за колективно преговарање. Во фокусот на семинарот ќе бидат и инфраструктурните проекти во земјава.

Семинарот е организиран за земјите од Југоисточна Европа на кој ќе учествува и директорката за безбедност и здравје при BWI, Фиона Мурие.

Во рамките на активностите, директорката Фиона Мурие на 07.04.2014 година имаше посети на Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на РМ (СГИП) и Синдикатот за шумарство и дрвна индустрија и енергетика на РМ (СШДЕ), а со претставниците од СГИП оствари средба со директорот на Државниот инспекторат за труд, г-дин Насер Бајрами.

# КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА



Учесници на Конференцијата

**9.04.2014**

На 8 и 9 април 2014 година во хотелот „Молика“ Битола во организација на Самостојниот синдикат на работниците од енергетиката, рударство и индустрија на Македонија се одржа Конференција посветена на социјалниот дијалог во земјите од Југоисточна Европа.

На конференцијата присуствуваа синдикати од Македонија, Турција, Бугарија, Романија, Србија и Црна Гора. Конференцијата ја отвори претседателот на ССЕРИ, Димче Дамчевски. Присутен беше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, кој во воведното обраќање укажа на значењето на социјалниот дијалог и предизвиците со кој истиот се соочува поради присутната светска криза. Република Македонија, посебно од периодот од 2010 година па наваму има константа во подобрувањето на социјалниот дијалог и е една од ретките примери каде социјалните партнери и во услови на криза бележат значајни резултати.

Претседателот Митревски укажа на потребата од пополнување на една празнина во функционирање на социјалниот дијалог во претпријатијата во новоформираните индустриски зони, каде отсуствува овој социјален дијалог, како и постоењето на проблеми поврзани со потпишување на колективните договори и слабото синдикално организирање.

Присутните претставници од синдикатите отворија дискусии и разменија искуства за функционирањето на социјалниот дијалог во нивните земји и дојдоа до констатација и оценка за потребата за вакви конференции и семинари, каде е можно запознавањето со искуствата на различните земји, посебно на оние кои се членки на Европската Унија.

# 20-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА САМОСТОЈНИОТ СИНДИКАТ ЗА ЗДРАВСТВО, ФАРМАЦИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА РМ


Членовите на Советот

**11.04.2014**

На 11.04.2014 година во х. Ривиера во Охрид, во рамките на новиот концепт за работа на Советот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ се одржа 20-тата седница на Советот.

Седницата на Советот ја отвори и со неа раководеше претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, др. Љубиша Каранфиловски. На седницата претседателот на синдикатот, др. Каранфиловски даде целосен извештај за финансиското работење на синдикатот во 2013 година, и ја изнесе предлог одлуката за одржување на XVIII Синдикална школа. Тој посебно се задржа на најновите измени и дополни по однос на Законот за здравствена заштита.

На седницата присуствуваше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, кој ги запозна членовите со најновите активности на ССМ и со предлогот за одбележување на 1-ви Мај– Меѓународниот ден на трудот.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА РАКОВОДСТВОТО НА ССМ ВО АД „ЕДИНСТВО“ СТРУМИЦА



Посета на раководството на ССМ во производствениот погон на фабриката

**15.04.2014**

Во рамките на Програмата за посети на претпријатијата и остварување работни средби со членовите на социјалните партнери, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски и претседателот на Синдикат на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на Република Македонија, Анѓелко Анѓелковски, воедно и секретар на ССМ, денеска ја посетија фабриката за производство на конфекција АД „Единство“ во Струмица.

На средба претседателот Митревски разговараше со директорот на фабриката г. Димитар Поповски околу измени и дополнувањата на колективниот договор за работниците од текстилната индустрија, како и начинот на имплементација и примена на новиот Општ колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството.

Претседателот Митревски даде посебен осврт на ратификуваната Конвенцијата 94 на МОТ. Оваа конвенција е од посебен интерес, бидејќи таа преставува основен инструмент за тоа како да се интегрираат социјалните аспекти во јавните договори и јавните набавки. Конвенцијата 94 предвидува трудови и социјални клаузули во јавните договори, додаде Митревски.

Ова значи дека право на учество во јавните тендери ќе имаат само претпријатијата кои работат регуларно: имаат синдикално организирање, исплатуваат плати на вработените, ги плаќаат придонесите на вработените, и сите други обврски кон државата, односно ги исполнуваат сите законски норми. Целта е да се ограничи можноста да се користи социјалниот дампинг како алатка за да се конкурира во областа на јавните набавки, со што ќе се отфрли нелојалната конкуренција. Ова во изминатиот период значеше дека на јавните тендери работата ја добиваа компании без вработени, кои после како подизведувачи ги ангажираа големите компании. Со еден збор, новите прописи би ставиле крај на шпекулациите и корупцијата во јавните набавки и тендери.

Фабриката е основана уште во далечната 1966 година и во неа денес работат околу 250 работници. Производството е исклучиво за извоз во Англија и тоа службен програм- производство на воени и полициски униформи и студентски програм- униформи за ученици и студенти, истакна директорот на фабриката за конфекција г. Поповски.

АД „Единство“ е реномирана фабрика за конфекција препознатлива на светскиот пазар, со високото ниво на општествена одговорност за вработените, примената на колективните договори, редовни исплати на плати, надоместоци и додатоци.

Со тоа оваа фабрика претставува пример за развиен социјален дијалог во својот сектор.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА РАКОВОДСТВОТО НА ССМ ВО АД „ФРОТИРКА“ДЕЛЧЕВО



Раководството на ССМ со вработените од Фабриката АД „Фротирка“ – Делчево

**24.04.2014**

Во рамките на Програмата за посети на претпријатијата и остварување работни средби, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски и претседател на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ, Анѓелко Анѓелковски, воедно и секретар на Советот на ССМ, ја посетија фабриката АД „Фротирка“ – Делчево, каде што разговараа со директорот Стојне Станоев и Дејан Станоев.

Во фокусот на разговорите беше примената на Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството, примената и почитувањето на правата од Колективниот договор за текстилна индустрија, како и најновите измени и дополнувања на колективните договори од областа на текстилот.

Фабриката АД Фротирка – Делчево се занимава со производство на фротир и ткаенини во Македонија. Во неа има 180 вработени кои што се членови во Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ, воедно и членови на Сојузот на синдикатите на Македонија.

# ВОНРЕДЕН СОСТАНОК ЗА ПОЛИТИКАТА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА



Претседателот Митревски на состанокот

**28.04.2014**

На 28 и 29 април 2014 година во хотелот Арка , Скопје во организација на Меѓународната конфедерација на синдикатите- ИТУЦ се одржува меѓународна конференција на тема: „Предизвиците на кризата и одговорите на глобалните синдикати и меѓународните институции“.

На состанокот присуствуваат претседателите на поголемите синдикални сојузи од Р. Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово како и претседателите на Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија и Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија.

Свои обраќања имаа Григор Градев, секретар на ПЕРК, Петер Баквис, директор на канцеларијата на Глобални синдикати од Вашингтон како и Ениса Салимовиќ, регионален координатор на ИТУЦ- ПЕРК од Сараево.

Посебен фокус беше посветен на трите мерки на Глобалните синдикати и тоа на мерките на поддршка на економското оправување, мерките за создавање на достоинствени работни места и промена на нееднаквоста и мерките за ефективни финансиски прописи и оданочување.

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, во своето обраќање ги потенцираше превземените мерки на овој план, а особено мерките за зголемувањето на минималната плата и мерките за поттикнување на вработувањето. Тој посебно укажа на потребата од градење на регионална стратегија на синдикатите по однос на овие прашања.

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 28 АПРИЛ – СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА




**28.04.2014**

Во организација на Меѓународната организација на трудот, Канцеларија Скопје и Македонското здружение за заштита при работа, ILO/CIS Координативен центар, во хотелот „Холидеј ин” во Скопје се одбележа 28 април, Светскиот ден за безбедност и здравје при работа.

На настанот присуствуваа претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, претседателот на МЗЗПР, Милан Петковски, претставник од Министерството за труд и социјална политика, Националниот координатор на МОТ во Македонија, Емил Крстановски, раководителот на секторот за БЗР во Државниот инспекторат за труд, Слаѓана Андоновска, Координаторот на ИЛО/ЦИС, Никола Георгиев, извршниот директор на ОРМ, Белинда Николовска и ВД претседателот на КСС, Виолетка Спасевска.

Тема на овогодинешното одбележување на Светскиот ден за безбедност и здравје при работа е „Безбедност и здравје при работа, при употреба на хемиски супстанци”. Посебно внимание е ставено на моменталната ситуација во поглед на употребата на хемиски супстанци и нивното влијание на работното место и на животната средина, вклучувајќи ги различните национални, регионални и интернационални напори за нивно решавање.

На настанот беше презентиран Годишниот извештај за несреќи при работа во Македонија, кој здружението го изработува веќе седма година по ред. Исто така беа доделени и Националните награди за добра пракса на БЗР во 2013 година на компаниите Пивара Скопје, Мермерен Комбинат АД Прилеп и Империал Тобако ТКД АД Скопје.

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 50 ГОДИШНИНАТА ОД ПОСТОЕЊЕТО НА БИТОЛСКИ ВЕСНИК




Претседателот Митревски со Менде Младеновски, директор и одговорен уредник на Битолски Весник

**29.04.2014**

По повод одбележувањето на 50 годишнината од постоењето на Битолски весник, Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски и претседателот на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија присуствуваа на организираната прослава во Народниот театар во Битола. Во присуство на голем број на гости беа доделени повеќе признанија и плакети на основачите и заслужните работници во Битолски весник. Весникот е основан во далечната 1964 година.

Во врска со големиот јубилеј претседателот на ССМ даде осврт за монографијата на Битолски весник и интервју.




## Најава за активностите на 1-ви Мај, Меѓународниот

**30.04.2014**

На 1.05.2014 година (четврток), Сојузот на синдикатите на Македонија ќе го одбележи 1-ви Мај, Меѓународниот ден на трудот со низа активности:

- Собирање и презентирање на гранските синдикати на плоштадот „Македонија“ со почеток од10.00 до 11.30 часот;
- Свечена седница на Советот на ССМ - 12.00 часот во салата на 12 кат во зграда на ССМ на која ќе се образложи Кампања- иницијатива за измените и дополнувањата на Законот за безбедност и здравје при работа во присуство на членовите на Советот на ССМ и гости.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Велес**

На 04.04. 2014 година е одржана средба со директорот на фирмата која ги ангажира сезонските работници во Неготино, Росоман, Градско и Караслари. На состанокот беше иницирано нивното зачленување во АГРО Синдикатот. Во оваа фирма има над 200 сезонски работници, од кои половина имаат потпишано пристапници. Овие активности се финализираат и се во координација со претседателот на АГРО синдикатот.

На 07.04.2014 година во канцеларијата на РСП Велес беше одржан работен состанок меѓу претседателот на СИЕР, Пеце Ристевски со дел од незадоволни работници од ДММ Дрексел Маер-Македонија, Кавадарци. Разговарано е за нивните проблеми и за нивното зачленување во синдикатот на СИЕР. Се изготвија 5 приговори на отказни решенија, кои беа без отказен рок.

На 16 април беше договорена средба со работодавачот на конфекцијата Соми Велтекс за нивно зачленување во синдикатот на СТКЧ. За оваа работна средба беше информиран и претседателот на СТКЧ, Анѓелко Анѓелковски .

На 23.04.2014 година во канцеларијата на РСП Велес примена е група од 14 работници, вработени во Жито Вардар, Велес. Целта на средбата беше незадоволството од неисплатените плати во период од 5-6 месеци . За ова беше известен и претседателот на АГРО Синдикатот , Живко Даневски, со кој ќе се биде во координација околу понатамошните активностите.

**РСП Охрид**

Формирање нови синдикални организации во ЕМО „Производство“ ДООЕЛ Охрид со 60 членови и ЕМО „Монт“ ДООЕЛ Охрид со 53 членови.

Одржани средби со вработени за нивно зачленување и запознавање на нивните права од работен однос од АД „Хотели Метропол“-Охрид, АД „Лихнида“, „Еуропа Пенели“ ДОО Охрид и приватната фирма за производство на камини ТД „МКЕ“ ДООЕЛ Охрид.

Состанок на индивидуалните земјоделци од регионот Охрид со претседателот на АГРО Синдикатот, Живко Даневски

**РСП Кавадарци**

Пружена правна помош на 32 вработени од Кавадарци и 8 од Неготино.

Одржани две судски расправи на 1.04.2014 година и на 28.04.2014 година со МИК Кавадарци.

Остварена средба со 20 стечајни работници од МИК Кавадарци, средби со вработени од ЈЗУ Општа болница Кавадарци и Меѓуопштинскиот центар за социјални работи.

**РСП Тетово**

Одржана средба со поранешни вработени од „ПОЛЕТ“ за текот на стечајната постапка, каде е донесено решение за распределба на недвижниот имот на стечајните доверители.

**РСП Прилеп**

Одбележување на 4 Април-Денот на тутунски работни и 7 Април-Денот на здравствените работници.со свечени седници, каде беше поканет и регионалниот синдикален совет.

Одржани работни средби со вработени од ЈКП Комуналец Прилеп, Еурокомпозит– Прилеп и со директорката на Агенцијата за вработување Прилеп, во врска со остварувањето на правото за паричен надоместок од фирми кои се во доминантна државна сопственост.

**РСП Куманово**

Остварена средба со вработени од ФЗЦ Куманово заради неплатено здравствено осигурување и состанок со стечајниот управник на Жито Мел од Куманово во врска со пријавени побарувања на поранешните вработени како и решавање на нивниот статус во Агенцијата за вработување.

**Синдикална организација Гостивар**

Пружена правна помош на вработени во Електростопанство на Македонија- Гостивар.

**Синдикална канцеларија Свети Николе**

На 1 април беше одржан состанок со вработени кои се членови на синдикатот во „МИГ“ Свети Николе и претседателот на АГРО Синдикатот, Живко Даневски.

На 14.04.2014 година се одржа состанок со вработени од Здравствениот дом во Свети Николе. Целта на состанокот беше надминување на проблемите околу уплатата на членарината на вработените во Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита. Предложено е да се избере и ново синдикално раководство во Здравствениот дом.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та Ударна Бригада“бр. 2а, 1000 Скопје
контакт тел. 02 3161374, 02 3225 937